Бр. 12-2316/6
11.04.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со член 33, член 22 став (1) и став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 32 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, а во врска со членот 74 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија„ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/2019), на осмата седница одржана на ден 10.04.2019 година, ја донесе следната:

## Одлука

1) Сомневањата за прекршување на одредбата од членот 8-6 од Изборниот законик и членот 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се основани.

2) Државната комисија за спречување на корупцијата ПРОДОЛЖУВА со испитување на наводите од Приговорот, поднесен од организаторот/учесник на изборна кампања - ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО - Скопје, кај Државната комисија за спречување на корупцијата заведен под архивски број 12 – 2316/1 од 05.04.2019 година, против Општина Шуто Оризари, за прекршување на одредбата од членот 8-6 од Изборниот законик и членот 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, сторено со злоупотреба на имот во сопственост на единицата на локална самоуправа - Шуто Оризари, заради прибирање на информации од надлежни институции неопходни за утврдување на фактичката состојба.

3) Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата по овој поднесен приговор ќе се објави на нејзината веб страница во рок од 24 часа, а истата ќе се достави и до подносителот на приговорот.

### Образложение

На ден 05.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен Приговор заведен со архивски број 12 - 2316/1 од 05.04.2019 година за прекршување на членот 8-6 од Изборниот законик и членот 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од овластен подносител Генерален секретар Игор Јанушев, ВМРО-ДПМНЕ, (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство) со седиште на Плоштад ВМРО бр.1, општина Центар, Скопје.

Во Приговорот се содржани наводи за злоупотреба на имот во сопственост на единицата на локална самоуправа - Шуто Оризари поради користење на просториите на споменатата општина на ден 03 Април 2019 година за одржување прес конференција за поддршка на кандидатот за Претседател на државата од СДСМ и коалицијата – Стево Пендаровски.

Постапувајќи согласно со член 33 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК отвора постапка за утврдување на фактичката состојба по овој поднесен приговор.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи согласно став 3 од членот 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, приговорот со прилог документација го достави до јавната институција против која е поднесен, ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ во рок од 24 часа од приемот на приговорот, со писмено известување број 12-2316/2 од 06.042019 година, со напомена дека по наводите од приговорот може да се изјасни во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето, односно најдоцна до 09.04.2019 година (вторник) до 14,00 часот со достава на писмено изјасување во Архивата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Истовремено, согласно со член 33 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, јавната институција -ОПШТИНАТА Шуто оризари против која е поднесен приговорот е известена дека ДКСК наводите од предметниот приговор ќе ги испита и ќе постапи по приговорот на јавна седница закажана за ден 10.04.2019 година во 12:00 часот и му е укажано на правото преку овластен претставник да присуствува на јавната седница.

По повод поднесениот приговор, согласно со став 5 од член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на закажаната јавна седница повикан е и му е укажано на правото преку овластен претставник да присуствува и подносителот на приговорот - ВМРО-ДПМНЕ, (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство).

На ден 09.04.2019 година е доставено писмено изјаснување од страна на ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ.

На јавната седница одржана на ден 10.04.2019 година, од страна на ДКСК констатирано е присуство на овластен претставник на лицето против кого е поднесен приговорот како и на овластен полномошник на подносителот на приговорот.

Според Наводите на Приговорот и прилозите била извршена злоупотреба на имот во сопственост на единица на локална самоуправа Шуто Оризари поради одржување прес конференција на ден 03 Април 2019 година, за поддршка на кандидатот за Претседател на државата од СДСМ и коалицијата – Стево Пендаровски, во просториите на општината за што е доставено и ЦД од настанот.

Според добиеното изјаснување за наводите по Приговорот констатирано е дека:

На територија на општина Шуто Оризари нема деловни простории кои би се користеле од страна на граѓаните заради остварување на граѓанско и политичко здружување, поради што прввиот спрат од зградата е ослободен за споменатата намена. Општинската администрација и Градоначалникот се наоѓаат на вториот спрат и се издвоени со посебна врата. Исто така, во изјаснувањето се напоменува, дека овие простории со започнување на законските рокови околу достава на изборниот материја, на денот на одржување на изборите, како и во деновите посочени од страна на претседателот на ОИК, сите овие простории се затворени, бидејќи во нив е сместена ОИК .

Од гореизнесеното се утврдува следната фактичка состојба:

Бр. ________

________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Согласно член 82 став 5 по исклучок можат да се користат просториите на органите на општината Шуто Оризари, доколку во местото не постојат други соодветни простории за потребите на изборната кампања, а одговорното лице на органот дало дозвола за користење согласно став 6 од истиот член.

Од овластените претставници на општина Шуто Оризари беа побарани дополнителни информации за тоа дали објектот во кој се одржала прес конференцијата е во сопственост на општината, како и за тоа дали одговорното лице на општината дало дозвола за користење на просторијата.

Со оглед на вака утврдената фактичка состојба и со тоа што не беа обезбедени бараните информации, Државната комисија за спречување на корупцијата донесе следната одлука: наводите од приговорот се основани Државната комисија продолжува со испитувањето на наводите од приговорот заради прибирање на информации од надлежни институции неопходни за утврдување на фактичката состојба.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

Доставено до:
- Архивата


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk